Општина Кисела Вода
**Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-428**
obrazovanie@kiselavoda.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-7568/1
20. 10. 2020 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката за распишување јавен конкурс за иницијативи и предлози за поставување на спомен-обележја на настани и истакнати личности во општина Кисела Вода за периодот 2020-2025 год., донесена од Советот на општина Кисела Вода на 43-тата пленарна седница одржана на 05.10.2020 год., Градоначалникот на општина Кисела Вода распиша

# ЈАВЕН КОНКУРС

## За прибирање иницијативи и предлози за поставување спомен-обележја на настани и истакнати личности во општина Кисела Вода

1. Согласно одредбите од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата (Сл. Весник на РМ бр. 66/04, 89/08 и 152/15), општина Кисела Вода подготвува Програма за обележување значајни личности и настани, за период од 5 години (2020-2025 год.).
2. Со цел, максимална транспарентност и вклучување на стручната јавност, општина Кисела Вода упатува Јавен повик до правните и физичките лица да достават конструктивни предлози за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја.
3. Предлозите, задолжително треба да содржат:
   - Податоци за настаните и личностите и објаснување за нивното значење;
   - Порака што треба да ја симболизира спомен-обележјето;
   - Основни елементи за евентуалниот текст што би бил истакнат на спомен-обележјето;
4. Предлозите треба да се доставaт во писмена форма на следната адреса: општина Кисела Вода, ул. "Петар Делјан" бр. 17, со назнака: До Комисијата за разгледување на иницијативите и предлозите за поставување на спомен-обележја на настани и истакнати личности во општина Кисела Вода, **најдоцна до 28.10.2020 год.**

**Градоначалник на**
општина Кисела Вода

**Филип Темелковски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
КИСЕЛА ВОДА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА